**20151063296**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Врз основа на член 12 став (3) од Законот за царински мерки за спроведување на заштита на правата од интелектуална сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 88/15), министерот за финансии донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗАРАДИ НЕПРИФАЌАЊЕ НА БАРАЊЕТО ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА ЦАРИНСКИ ДЕЈСТВИЈА ОДНОСНО ЗАРАДИ НЕОТФРЛАЊЕ НА БАРАЊЕТО ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА ЦАРИНСКИ ДЕЈСТВИЈА

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето заради неприфаќање на барањето за преземање на царински дејствија односно заради неотфрлање на барањето за преземање на царински дејствија.

Член 2

Барањето од член 1 на овој правилник се поднесува на образец: „Барање заради неприфаќање на барањето за превземање на царински дејствија односно заради неотфрлање на барањето за преземање на царински дејствија“, А4 формат на хартија во бела боја.

Формата и содржината на барањето од став 1 на овој член се дадени во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.20-4922/1
25 јуни 2015 година
Скопје

Министер за финансии,
**Зоран Ставрески**, с.р.

**ПРИЛОГ**

**ДО ПИСАРНИЦАТА НА ДИРЕКТОРОТ НА ЦАРИНСКАТА УПРАВА**
**СКОПЈЕ**

**Број -----------**
**Датум---------**

**БАРАЊЕ**

заради неприфаќање на барањето за превземање на царински дејствија односно заради неотфрлање на барањето за преземање на царински дејствија

Од_______________________________________________________________________________

(назив на правно лице/име и презиме на физичко лице)

_________________________________________________________________________________

(седиште на правно лице/ адреса на физичко лице )

**Краток опис поради што се поднесува барањето:**

Молам, согласно рокот утврден во член 12 став (2) од, Законот за царински мерки за спроведување на заштита на правата од интелектуална сопственост, да се постапи по барање за донесување на одлуки за уважување на барањето за преземање на царински дејствија од царинските органи поднесено опд број---------- на ден ---------- до надлежниот царински орган --------- во ---------, чија копија се доставува во прилог.

**Подносител на барањето**

_________________________